

# РИСТО ЛОЗАНОВСКИ

**КОМЕМОРАТИВНА**
**РЕТРОСПЕКТИВНА**
**ИЗЛОЖБА**

I — 25 X 1969

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — СКОПЈЕ

Ристо Лозановски и припаѓа на повоената генерација млади сликари, кои по завршувањето на ликовните академии се подготвуваат незапирливо напред, за да внесат нов дух во ликовната уметност, да ги превозмогнат „конзервативните" сфаќања и „актуелностите" во квечерината на социјалистичкиот реализам, да се вклопат во општите токови на современата уметност.

Уште во почетокот на својата ангажираност на полето на ликовната уметност Лозановски пројавува жив интерес за осовременување на ликовниот јазик. Како резултат на ваквите настојувања доаѓа до формирање на самостојната група „Денес" чиј основател и активен член е тој, за чии принципи и тој доследно се бори до крајот на својата уметничка дејност.

Понесен од плимата за смели ликовни искажувања, ориентиран кон најекстремни насоки, кои што треба да најдат место под сонцето во современиот ликовен живот кај нас, ослободен од конформистички сфаќања, Лозановски подоцна ќе стане особено активен член на групата „Мугри". Тоа ќе ги отвори хоризонтите на широките творечки зафати, ќе обележи едно ново поглавље во развитокот на македонската модерна уметност.

Да се стане свој, да се изгради сопствена ликовна физиономија и индивидуалност, да се создаде своевиден осовремен израз и личен акцент во колоритот, да се совладаат сложените проблеми што се поставуваат пред современата уметност, да се викне во духот, ризикот и суштината на современото творештво, на Лозановски му била не само професионална, туку пред сé животна задача на човек кој бил воспитуван да ги отвора видиците на прогресивното во развитокот на нештата.

Неговата втора природа е постојано да истражува, да пребарува врз интимните размислувања, врз ткивото на сликарската материја, врз откривањето на нови можности и нови патишта со единствена цел — рамноправно да се чекори во светот на современите уметнички движења.

Прилеп, неговото родно место, и околината, луѓето со кои доаѓа во катадневен допир, средината во која што тој живее, се негова инспирација, тема на денот и животот. Марковите Кули, карпестиот пејсаж оголен и шкрт, но истовремено богат во својата историја, со фантастично-опсенарските облици, се нити што ќе ги вткајува Лозановски во своето творештво.

Отпрвин мотивите, предметностите, ќе ни ги преставува скромно, без возбудливости, со една предпазливост, нераскинувајќи со поетската атмосфера, останувајќи во домен на фигуративното, додека тие, облиците не ги попримаат атрибутите на нешто што ќе ги носи карактеристиките на општозначенското; се додека нивната материјална егзистенција, во процесот на работа, не го достигне степенот на чистата ликовна медитација.

Ракописот на Лозановски е радикален, смел, револуционарен, таков како им прилега на сите млади негови современици-соборци за искажување на новото во уметноста.

Пејсажот Маркови Кули — мотив кој што најмногу го обработува сликарот Лозановски, ќе стане предилекција во развојниот процес на неговото сликарство, во процесот за совладување на материјата со неговите разбирања во уметноста. Отпрвин тој ќе ни го прастави упростено, во дводимензионална геометриска распнатост, со стилска стегнатост во цртежот, во предпоставената колористичка ритмика, еднаш арабескно и мозаично, потоа со расточени форми, додека природните феномени, на крајаот, не бидат трансформирани во маса на карпи.

Во обработувањето на формата, било тоа да претставува предмет на ликовно или графичко третирање, се чувствува, во почетокот на неговата работа, една еднообразност, се наметнува едно типизирање и стилизација на облиците, што се покажува како единствено настојување да се дојде до нивното потполно декомпонирање.

Ликовната критика неговиот прв настап, на заедничка изложба во Прилеп (1954) го обележува како сериозно ликовно навестување во нашиот уметнички живот. И токму тогаш, во тој негов прв настап, како да ни го изречува целокупното негово ликовно кредо, неговата ликовна ориентација, се разбира со сите недостатоци во ликовните остварувања (Маркови Кули, Мртва природа I, II, Цвеќе I, II).

Во ова време Лозановски подеднакво ја негува графичката дисциплина, во единствена стилска интерпретација: упростен цртеж, типизирање на облиците (Мртва природа, Арабеска I, На балкон, Китење на невеста, Играорец, Зурлации).

Првата самостојна изложба на Лозановски, организирана во Скопје (1957) претставува чекор напред во разрешувањето на поставените проблеми. Пејсажите Прилеп, Зима ги носат карактеристиките на неговите успешни настојувања, остварувајќи адекватна атмосфера на индивидуалност на амбиентот. Сликите На балкон, Девојче, Турчин, Мајка и др. како и фигуралните композиции: Колона, Дабница 1942 и Мариовска буна кои што се издвојуваат како по мотивите што го обработува така и по големината на форматот, поставуваат пред авторот сериозни, претенциозни задачи и преиспитување на сопствените сили. Неговата бујна темпераментност и сензибилност најповеќе доаѓа до израз во платното Дабница 1942 каде што постигнува стилска уједначеност и најускладени колористички и композициони односи.

Пејзажите Маркови Кули I со смелите упростувања на формите и колористичката урамнотеженост; Марковите Кули II и III, а посебно Пејсажот II ги носат сликарските квалитети и својства, макар и со подалечен призвук на апстрактното сликарство.

Во 1959 Лозановски приредува тематската изложба „Циклус на слики од НОБ". „Ненаметливо, а присутно", преку сликите на оваа изложба, како самиот тој се искажува, сака да ги искаже своите впечатоци, сеќавањата и доживувањата од НОБ.

Темата НОБ преставува сложен и деликатен ликовен проблем. За ликовното изразување на настаните од епопеата на НОБ не се достатни само идејните аспекти и надградбата, емоционалната поврзаност, колку е потребно уметничко искуство и ликовно занатска зрелост на самиот креатор. Остварувањата пак кои Лозановски ги презентира на оваа изложба имаат, несебично речено, двоструко значење: како за ликовното творештво кај нас на темата НОБ, така и за самиот автор во изнаоѓањето на најадекватната форма на современиот израз, на колористичка гама што треба да одговара на интенциите содржани во мотото на изложбата на самиот автор.

Наспроти дводимензионална упростеност на облиците, колористичката сведеност, главно на два основни тона — розе и зелено, извесната конструираност во композиционите односи што е карактеристика на голем број негови работи, на оваа изложба, се јавуваат дел а со поцврсто организирана композиција, покомпактна и побогата фактура, попродлабочена и попроживеано колористичко организирање, со определен стилски јазик.

Преку оплеменетата, озвучената и функционалната палета, Лозановски остварува сплет на драмско-психолошки моменти на актерите во презентираните настани. Начинот на кој го искажува внатрешното расположение, апстрахирајќи ја наративноста на раскажувањето, не е нов, но е значаен заради целосниот пристап во реализацијата на тематиката од НОБ. Својствата и предностите на аналитичко-конструктивниот кубизам, нагласена геометризација на облиците, се само арматура во која мирните, чистите и топло озвучените тонови градат драма и реализираат едно стилско-естетско остварување. (Борба за Прилеп, Напад на бункер, Колона I, Збег, Дабница и др.).

Следејќи ја сопствената творечка интенција и слобода под влијание на личната предиспонираност и сензибилитет во тежнението за побогата колористичка оркестрација, кај Лозановски сé повеќе се манифестира настојувањето за апстрактното искажување.

Платната работени за Градската кафеана во Прилеп на тема тутун, пејсаж од Прилеп, карпи и др. се може би најубава манифестација во тој поглед. Во овие и негови слични творби доаѓа до израз неговата згусната прочистена скала на топли тонови од тутуновите низи, на интензивна палета. Откриваме уметник кој ги удри темелите на зрелиот почеток во својата сликарска кариера, кој дал едни од најубавите остварувања во овој преоден период.

Неговите пејсажи I, IV, Гребен, Маркови Кули I, II, Цветови I, III, 1960/61 се предадени со живи бои во контрастен ритам на чиста површина. Илустративноста е негирана, формата расточена, силуетите не се повеќе автентични а колористичките дамки слободно се нанесуваат на платната.

Неговиот истражувачки дух и темперамент внесуваат постојано немир и неспокојство во сопствените размислувања. И како да му недостига трпеливост за проверување на сомневањата, на сопственото созревање. Само една година подоцна тој ќе се определи за темна скала на тонови, на некаква чудна, невообичаена морбидност за сиреалистички тенденции во неговото сликарство (1962).

Лозановски постојано ги усовршува, оплеменува, обогатува своите ликовни медитации. Тој им дава предност на темните површини на своите платна, со посветло обоени помали партии во окерасти, виолетови, црвени тонови. Тој се занимава со чисто сликарски проблеми (1962), со својствата на бојата и тогаш кога е таа пригушена, згусната и темна.

Ристо Лозановски не доспеа да ги доречe своите интимни исповести.

Годините исполнети со скромност, самокритичност, безкомпромисност кон сопствената ликовна продукција, со остварените дела, се сигурен залог за една надарена личност која делувала и оставила вистински траен белег во нашиот уметнички живот.

Годините на најзрелата негова фаза, на креативната ангажираност остануваат верба и ветување.

Такви биле неговите пораки: отворени, искрени, спонтани и емоционални. И творечки. Од почетокот.

Антоние НИКОЛОВСКИ

РИСТО ЛОЗАНОВСКИ, сликар, роден на 5 III 1923 во Големо Илино. Во 1951 завршил Академија за ликовна уметност во Белград. Годините по завршувањето на студиите ги поминува главном како ликовен педагог во Гимназијата во Прилеп. Во 1960 доаѓа во Скопје, каде продолжува со педагошка работа во Работничкиот дом, тука останува до смртта, 1965.

Студиски патувања имал во Италија и Франција, како стипендист на Фондот „Моша Пијаде‘

Добитник е на Орден на трудот од III степен.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1954 Прилеп, Изложба на цртежи
1956 Прилеп
1957 Скопје
1959 Скопје, Изложба на тема НОБ
1960 Скопје
1963 Прилеп, Битола, Ретроспективна изложба
1965 Скопје, Изложба на цртежи

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1951/65 со ДЛУМ на сите изложби во земјата
1954 Прилеп со Стефан Василевски
1954 Скопје, со групата „Денес"
1956 Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Белград, Изложба на дрворези со Димче Протуѓер
1960 Скопје, со Групата „Мугри"
1961 Белград, Скопје, со Групата „Мугри"
1962 Скопје, со Томислав Шијаковиќ
1967 Скопје, Аспекти на цртежот во Македонија
1969 Словен Градец, Ангажирана уметност во Југославија (1919 — 1969)



МРТВА ПРИРОДА



ТУТУН

МАРКОВИ КУЛИ





ДАБНИЦА 1942

ЦВЕЋЕ











КАРПИ

ИГРАОРЕЦ

КАРПИ

ВО ЖОЛТО

1. ВУЛИНСКА, 1960
масло на платно, 131 × 79 см
сигн. нема
соп. на Работничкиот дом, Скопје

2. ВЕНЕЦИЈА
масло на платно, 135,3 × 79,5 см
сигн. нема
соп. на Звонко Никуљски, Скопје

3. ЛАВА, 1962
масло на платно, 89 × 130 см
сигн. дд: Лозан
соп. на Вера Ацева, Скопје

4. РАПСОДИЈА, 1961
масло на платно, 51 × 72 см
сигн. дд: Лозан 61
соп. на Благоја Талевски, Скопје

5. ПРОЦЕЛИ, 1961
масло на платно
сигн. дл: Лозан 61
соп. на Благоја Талевски, Скопје

6. ПЛАМЕН, 1961/62
масло на платно, 52 × 72,5 см
сигн. нема
соп. на Ѓоре Дамевски, Скопје

7. ПОДВОДНО ЦВЕЌЕ, 1961
масло на платно, 73 × 51 см
сигн. нема
соп. на Ѓоре Дамевски Скопје

8. КАРПИ
масло на платно, 53 × 72,5 см
сигн. нема
соп. на Ѓоре Дамевски, Скопје

9. ТУТУН, 1961
масло на платно, 54 × 73 см
сигн. нема
соп. на Ѓоре Дамевски, Скопје

10. ЦВЕЌЕ, 1960/61
масло на платно, 80,3 × 100 см
сигн. дд: Лозановски
соп. на Музејот на современа уметност, Скопје

11. КОЛОНА, 1959
масло на платно, 81 × 100 см
сигн. дд: Лозан 59
соп. на народниот музеј, Охрид

12. ТУТУН, 1961
масло на платно, 80,5 × 99,5 см
сигн. нема
соп. на Душко Родев, Скопје

13. ПОРТРЕТ НА Д. Н., 1960
масло на платно, 45,5 × 33 см
сигн. нема
соп. на Дафина Николовска, Скопје

14. ЦВЕЌЕ, 1960
масло на платно, 32,5 × 46,5 см
сигн. дд: Лозан
соп. на Грегор Чачев, Скопје

15. МАРКОВИ КУЛИ, 1962
масло на платно, 89,5 × 130 см
сигн. нема
соп. на ПТТ, Скопје

16. ПРИЛЕП, 1957
масло на платно, 89,4 × 159,5 см
сигн. нема
соп. на Уметничката галерија „Моша Пијаде", Битола

17. ГРЕБЕНИ, 1960
масло на платно 80x100 см.
сигн. дп: Лозановски
соп. на Уметничката галерија „Моша Пијаде", Битола

18. ВО ЗЕЛЕНО, 1962
масло на платно, 135 × 79 см
сигн. нема
соп. на Народниот музеј, Штип

19. ПЕЈСАЖ, 1958
масло на платно, 49 × 70,9 см
сигн. нема
соп. на Народниот музеј, Прилеп

20. ЗИМА, 1959
масло на платно, 80,3 × 122 см
сигн. дд: Лозан
соп. на Народниот музеј, Прилеп

21. МРТВА ПРИРОДА, 1956
масло на платно, 55 × 80 см
сигн. нема
соп. на Народниот музеј, Прилеп

22. ОРО, 1954
масло на платно, 72,5 × 98,7 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

23. КАРПИ, 1960
масло на платно, 89 × 129 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

24. ЗЕЛЕНИ НИЗИ, 1963
масло на платно, 81 × 100 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

25. АКТ, 1958
масло на платно, 108 × 52,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

26. АТЕЛИЈЕ, 1957/58
масло на платно, 100 × 77 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

27. СТАРЕЦ, 1957
масло на платно, 88 × 44,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

28. ПЕЈСАЖ, 1958/59
масло на платно, 52,5 × 108 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

29. ПЕЈСАЖ, околу 1956
масло на платно, 53 × 108 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

30. ПОЛУАКТ, 1957
масло на платно, 141 × 65 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

31. ТРИ ФИГУРИ, 1957
масло на платно, 179,5 × 100 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

32. МАРИОВЕЦ, околу 1955
масло на платно, 179,5 × 100 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

33. КРУЖОК, околу 1959
масло на платно, 160 × 89,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

34. СВАДБА, 1957
масло на платно, 160 × 90 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

35. МУЗИКАНТИ, 1957
масло на платно, 160 × 89,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

36. ДАБНИЦА 1942, 1959
масло на платно, 89,5 × 98 см
сигн. дл: Лозановски 1959
соп. на семејството, Скопје

37. МАРКОВИ КУЛИ, 1962
масло на платно, 80 × 100 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

38. МАРКОВИ КУЛИ I, 1962
масло на платно, 81 × 100 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

39. КОМПОЗИЦИЈА, 1963
масло на платно, 89,5 × 130 см
сигн. нема
соп на семејството, Скопје

40. КАРПИ, околу 1961
масло на платно, 89,5 × 130 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

41. РУСАЛИИ, 1957
масло на платно, 79,5 × 135 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

42. МАРКОВИ КУЛИ, 1957
масло на платно, 79,5 × 134,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

43. ДВЕ ДЕВОЈКИ, 1957
масло на платно, 135 × 79 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

44. КАРПИ I, 1960
масло на платно, 75 × 134 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

45. КАРПИ II, 1960
масло на платно, 80 × 134 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

46. НИТКИ, 1962
масло на платно, 90 × 130 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

47. ТУТУН II, 1963
масло на платно, 129,5 × 161 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

48. ТУТУН III, 1963
масло на платно, 85 × 100 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

49. ФИГУРА, 1958
масло на платно, 98 × 68,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

50. ПЕЈСАЖ,1959
масло на платно, 55 × 80 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

51. ПЕЈСАЖ ОД ПРИЛЕП, околу 1954
масло на платно, 99,5 × 165 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

52. ДЕВОЈКА НА БАЛКОН I, 1957
масло на платно, 159 × 90 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

53. ФИГУРА, 1957 58
масло на платно, 80 × 45 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

54. АКТ, 1961
масло на платно, 46 × 32,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

55. ЦВЕТ, 1959
масло на платно, 54,5 × 43 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

56. АВТОПОРТРЕТ, 1957
масло на платно, 55,5 × 44 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

57. ДЕВОЈКА НА БАЛКОН II, 1958
масло на платно, 134 × 68,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

58. ЦВЕЌЕ, околу 1960
масло на платно, 79,5 × 44,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

59. ПОРТРЕТ, 1960
масло на платно, 45,5 × 33 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

60. ЗИМА, 1963
масло на платно, 33 × 46,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

61. ЦРВЕНИ СТЕНИ, 1960
масло на платно, 32,5 × 45 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

62. ИГРАОРЕЦ, 1957
масло на платно, 99,5 × 69,5 см
сигн. дл: Лозан
соп. на семејството, Скопје

63. ФИГУРА, 1957
масло на платно, 79,5 × 44,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

64. ОЛТАР,1950
масло на платно, 36,5 × 46,5 см
сигн. дд: Лозановски
соп. на семејството, Скопје

65. МАРИОВКА, 1956
масло на платно, 107,5 × 53 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

66. ДЕВОЈЧЕ, околу 1957
масло на платно, 79,5 × 45 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

67. КОЛОНА, 1958/59
масло на платно, 100 × 180 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

68. МРТВА ПРИРОДА, 1958/59
масло на платно, 108,5 × 52,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

69. ЦВЕЌЕ ВО АТЕЛЈЕ, 1968
масло на платно, 108 × 52,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

70. ЦВЕТОВИ,1960
масло на платно, 32,5 × 45 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

71. МАРКОВИ КУЛИ, 1961
масло на платно, 50 × 71,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

72. АКТ, 1961
масло на платно, 45,5 × 33 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

73. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА, околу 1957
масло на платно, 52 × 32,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

74. ФИГУРА,1958/59
масло на платно, 64,5 × 46 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

75. ПОРТРЕТ НА ЈАНА, 1959
масло на платно, 52 × 40,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

76. ГРНЕ, 1959
масло на платно, 54 × 37 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

77. МРТВА ПРИРОДА, 1958
масло на платно, 80 × 45 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

78. ПЕЈСАЖ, 1955
масло на платно, 43,5 × 56 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

79. ГРНЕ, 1958
масло на платно, 53,5 × 38,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

80. КОМПОЗИЦИЈА, 1962
масло на платно, 45,5 × 33 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

81. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈКА, 1960
масло на платно, 67 × 54,5 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

82. БЕЛА СТИХИЈА, 1962
масло на платно, 80 × 135 см
сигн. нема
соп. на Уметничка галерија, Скопје

83. ВО ЖОЛТО, 1963
масло на платно, 33 × 43,5 см
сигн. нема
соп. на Уметничката галерија, Скопје

84. КАРПИ, 1960
масло на платно, 51,3 × 72,8 см
сигн. нема
соп. на Уметничката галерија, Скопје

85. ПРАСТАРИ ФОРМИ, 1961
масло на платно, 89 × 130,7 см
сигн. дл: Лозан
соп. на Уметничката галерија, Скопје

86. КОМПОЗИЦИЈА, 1963
масло на платно, 45,7 × 33 см
сигн. нема
соп. на семејството, Скопје

87. ПЕЈСАЖ, 1960
масло на платно, 33 × 46,3 см
сигн. нема
соп. на ф-ката „11 октомври“, Прилеп

88. СТАР ПРИЛЕП, 1961
масло на платно, 153,5 × 298 см
сигн. дд: Лозан 61
соп. на Градската кафеана, Прилеп

89. ТУТУН, 1961
масло на платно, 150 × 299 см
сигн. дд: Лозан 61
соп. на Градската кафеана, Прилеп

90. КАРПА, 1961
масло на платно, 129,5 × 89 см
сигн. нема
соп. на Градската кафеана, Прилеп

91. ВО ЗЕЛЕНО, 1961
масло на платно, 89 × 131 см
сигн. нема
соп. на Градската кафеана, Прилеп

92. КОМПОЗИЦИЈА, 1961
масло на платно, 89 × 130 см
сигн. нема
соп. на Градската кафеана, ПРилеп

93. НОВ ПРИЛЕП, 1961
масло на платно, 151 × 299 см
сигн. дд: Лозан
соп. на Градската кафеана, Прилеп

94. КОМПОЗИЦИЈА, 1961
масло на платно, 151 × 299 см
сигн. гд: Лозан 61
соп. на Градската кафеана, Прилеп

95. СЕЛО, 1961
масло на платно, 33 x 40 см
синг. дд: Лозан 61
соп. на Благоја Талевски, Скопје

96. ПЕЈСАЖ, 1963
масло на платно, 33 x 45 см
синг. нема
соп. на Кирил Алексоски, Скопје

# БИБЛИОГРАФИЈА

А. Д., Групата „Денес" нејзината денешница и утрешница, Млад борец, Скопје, 31 I 1954
Борислав Траиковски, Две изложбе во Прилеп, Разгледи, Скопје, год. I, бр. 5.
— Десет македонски ликовни уметници на изложбата во Дубровник, Млад борец, Скопје, 11 V 1954
Димче Протугер, Деветта изложба на македонските ликовни уметници, Разгледи. Скопје, 1954, год. I, бр. 25
Д. П., Изложба на Ристо Лозановски и Стефан Василевски во Прилеп, Стремеж, Прилеп, 1954, год. I, бр. 5—6
Лазар Личеноски, Изложба на групата „Денес", Разгледи, Скопје, 1954, год. I, бр.7
Здравко Блажиќ, За изложбата на цртежи на групата „Денес", Современост, Скопје, 1954, год. IV, бр. 4
Добрила Стојанова, „Денес" ликовна група што ветува, Нова Македонија, Скопје, 1 I 1955
Д. П., Изложба на Ристо Лозановски и Стеван Василевски во Прилеп, Разгледи, Скопје, 1955, год. II, бр. 1
А. Н., Дрворез на Протугер и Лозановски, Разгледи, Скопје, 1956, год. III, бр. 13
Д. Стојанова, Изложба дрворези на Лозановски и Протугер, Нова Македонија, Скопје, 8 VI 1956
Менде Ивановски, Изложба на дрворези во Битола, Нова Македонија, Скопје, 10 VII 1956
Д. Стојанова, Успешна ликовна евокација на НОБ, Нова Македонија, Скопје, 11 VII 1956
Ц. Стефанов, Две изложби во Охрид, Нова Македонија, Скопје, 16 VIII 1956
М. М., Изложба дрвореза Димчета Протугера и Ристе Лозановског, Борба, Београд, 29 IX 1956
Антоније Николовски, Годишната изложба на ДЛУМ, Разгледи, Скопје, 1956, год. III, бр. 25-26
Борко Лазевски, XII изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 28 XII 1956
Здравко Блажиќ, Изложбата на Ристо лозановски, Хоризонт, Скопје, 1957, год. II, бр. 7
Б. Лазески, Две ликовни изложби во Скопје — Самостојна изложба на Ристо Лозановски во Уметничкиот павиљон, Нова Македонија, Скопје, 17 III 1957
Ђорђе Поповиќ, Македонска панорама, Борба, Београд, 18 XI 1957
Антоние Николовски, Изложба на Ристо Лозановски, Разгледи, Скопје, 1957, год. IV, бр. 7
Антоние Николовски, Пролетна изложба на ДЛУМ, Разгледи, Скопје, 1958, год. V, бр. 10
Д. Протугер, Циклусот НОБ на Ристо Лозановски, Нова Македонија, Скопје, 18 X 1959
Антоние Николовски, Втора самостојна изложба на Ристо Лозановски, „Циклус слики од НОБ", Разгледи, Скопје, 1959, год. II, бр. 4
Здравко Блажиќ, Ристо Лозаноски на тема НОБ, Современост, Скопје, 1959, год. IX, бр. 9-10
Д. Протугер, Изложба на Ристо Лозановски, Нова Македонија, Скопје, 16 X 1960
В. У., Изложба на Ристо Лозановски — Драматика на поднебјето, Млад борец, Скопје, бр. 32, 6 X 1960
Антоние Николовски, Ликовни изложби, Разгледи, Скопје, 1960, год. III, бр. 3
Борис Петковски, Самостојна изложба на Ристо Лозановски, Културен живот, Скопје, 1960, год. V, бр. 8

Томе Момировски, Посета на првите есенски изложби — Ристо Лозановски — по четврти пат самостојно, Современост, Скопје, 1960, год. X. бр. 8
Антоние Николовски, ДЛУМ на четврта пролетна изложба, Разгледи, 1960, год. II бр. 10
Антоние Николовски, ДЛУМ на XIV годишна изложба, Разгледи, Скопје, 1960, год. II, бр. 6
Томе Момировски, Изложба на ликовната група „Мугри", Современост, Скопје, 1960, год. X, бр. 5
Б. Петковски, Прва изложба на групата „Мугри", Млад борец, Скопје, бр. 9, 21 IV 1960
Ј. Мацан, Изложба на групата „Мугри", Нова Македонија, Скопје, 10 IV 1960
Јован Димовски, Прв настап на „Мугри", Културен живот, Скопје, 1960, год. V, бр.4
Д. С., Четврта самостална изложба Ристе Лозановског, Политика, Београд, 19 IX 1960
Антоние Николовски, Втор настап на групата „Мугри", Разгледи, Скопје, 1961, год. III, бр. 9
В. Урошевиќ, Изложба на групата „Мугри", Млад борец, Скопје, бр. 13, 14 IX 1961
Елена Мацан, Изложба на ликовната група „Мугри", Културен живот, Скопје, 1961, год. VI, бр. 4
Ђорђе Поповић, „Мугри", Борба, Београд, 10 III 1961
Лазар Трифуновић, Група „Мугри" у знаку надреализма, НИН, Београд, 2 IV 1961
д-р Катарина Амброзић, Још једна група младих — Уз изложбу македонских уметника, Књижевне новине, Београд, IV 1961
Иво Фрол, Група „Мугри" — Изложба македонских ликовних умјетника у Београду, Вјесник у сриједу, Загреб. IV 1961
Павле Васић, Изложба скопске групе „Мугри", Политика, Београд, 8 III 1961
Борис Петковски, По повод петтата пролетна изложба на ДЛУМ, Културен живот, Скопје, 1961, год. VI, бр. 5
Ј. Димовски, Заедничката изложба на Шијаковиќ и Лозановски, Нова Македонија, Скопје, 10. VI. 1962
Борис Петковски, XVII изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 11 XI 1962
Б. П., Мала титоградска панорама, Политика, Београд, 16 III 1963
Борис Петковски, Пролетна изложба на ДЛУМ, Нова Македонија, Скопје, 17 V 1964
Ванчо Георгиев, Цртежи од Лозановски, Културен живот, Скопје, 1965, год X, бр. 2-3
Паскал Гилевски, Цртежите на Ристо Лозановски, Нова Македонија, Скопје, 14 II 1965
Паскал Гилевски, Мал квантитет — ист квалитет, Современост, Скопје, 1965, год. XV, бр. 5

ПЕЧАТ ГРАФИЧКИ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" — СКОПЈЕ

ПЕЧАТ ГРАФИЧКИ ЗАВОД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ — СКОПЈЕ